# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА

**"Сл. весник на Р Македонија" број 40/99 од 06.07.1999 година**

**Член 1**

Во Законот за јавните патишта ("Службен весник на Република Македонија" бр. 26/96) во член 13 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:
"По исклучок концесијата од член 11 на овој закон без јавен конкурс може да се даде и во случај на понуда поднесена од стратешки инвеститор."
По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:
"Стратешки инвеститор во смисла на став 2 од овој член, е подносителот на понудата што со оглед на износот на средствата што сака да ги инвестира во патната инфраструктура, значењето на таа инфраструктура за државата и други Услови го определува Владата на Република Македонија по предлог на Министерството за сообраќај и врски."

**Член 2**

По членот 19 се додава **нов член 19-а**, кој гласи:

**"Член 19-а**

На користењето на јавните патишта по пат на концесија соодветно се применуваат и одредбите од Законот за концесија."

**Член 3**

Започнатите постапки за користење на јавните патишта по пат на концесија до влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите на овој закон.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".